Врз основа на член 21, став (1), алинеја 3 и член 24 од Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/14 и 106/16), Советот на НИПП донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
СКОПЈЕ
23 DEC 2019
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
0202-18008/1

**РЕШЕНИЕ**

за назначување на членови на Комитетот на НИПП

1. Се формира Комитетот на НИПП во состав од:

- претседателот на Работната група за институционални и правни прашања и градење капацитети;
- претседателот на Работната група за технолошки прашања (стандарди, метаподатоци, услуги и друго),
- претседателот на Работната група за Односи со јавноста и комуникации,
- претседателот на Работната група за економски прашања и
- Сузана Ивановска Киранџиска, претставник од Агенцијата за катастар на недвижности.

2. Се задолжува Комитетот на НИПП до Советот на НИПП да:

- подготвува годишни програми за спроведување на Стратегијата за НИПП,
- го координира спроведувањето на годишната програма во консултација и соработка со институциите кои ја сочинуваат НИПП,
- ги следи резултатите од спроведувањето на НИПП и да го известува Советот на НИПП,
- подготвува Годишен извештај за спроведување на програмата за работа и да го информира Советот на НИПП,
- ги разгледува и да ги доставува до Советот на НИПП Предлог-подзаконските акти подготвени од работните групи,
- доставува предлози и мислења по барање на Советот на НИПП и
- дава мислења до Советот на НИПП во однос на барањата од трети страни за пристап до НИПП.

3. За секретар на Комитетот на НИПП, од точка 1 на ова решение, кој ќе ги врши работите сврзани со административно-техничката поддршка на групата, се назначува лицето Емилија Малијанска од Агенцијата за катастар на недвижности.

4. Покрај задачите од точка 2, Комитетот на НИПП треба да ја поддржува имплементацијата на Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
- именуваните;
- Агенција за катастар на недвижности - Единица за административно-техничка поддршка на НИПП;
- архива.

Претседател на Советот на НИПП

д-р Кочо Анѓушев